ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

# С Т А Т У Т

на

# И Н С Т И Т У Т О Т   З А   К О М У Н И К А Ц И С К И   С Т У Д И И

**Скопје, 2015 година**

## СОДРЖИНА:


ДЕФИНИЦИИ И ТЕРМИНИ ........ 3
ОПШТИ ОДРЕДБИ ........ 4
НАЗИВ И СЕДИШТЕ ........ 5
ОФИЦИЈАЛНИ ОБЕЛЕЖЈА ........ 5
ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ ........ 6
АВТОНОМИЈА ........ 6
ОРГАНИ НА ИНСТИТУТОТ ........ 8
ОРГАН НА ОСНОВАЧОТ ........ 8
НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ ........ 8
ДИРЕКТОР ........ 10
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 12
ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ........ 13
УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ........ 14
ПОЧЕТОК И ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ГОДИНА ........ 15
ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ ........ 15
ВРЕДНУВАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ СО ЕКТС ........ 15
ДИПЛОМА И ДОДАТОК НА ДИПЛОМА ........ 16
САМОЕВАЛУАЦИЈА ........ 16
НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ........ 17
ЕКВИВАЛЕНЦИЈА НА ЗВАЊА ........ 19
АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА И УМЕТНИЦИ ........ 21
ВИЗИТИНГ ПРОФЕСОРИ ........ 21
НАСЛОВНИ ЗВАЊА ........ 21
ПРОФЕСОР ЕМЕРИТУС ........ 21
ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА ИНСТИТУТОТ ........ 20
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 22
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 22

Во согласност со член 19, член 21 и член 25 од Законот за научно-истражувачка дејност (**Службен Весник бр.46/08, бр. 103/08 и 24/11**), член 9 од Законот за високо образование **(Службен весник на РМ бр. 35/2008)** и Одлуката за изменување на Статутот на Институтот за комуникациски студии донесена на 11.07.2014, Основачот на Институтот за комуникациски студии на ден 14.07.2014 го донесе следниот:

# СТАТУТ
# на
# Институтот за комуникациски студии
# (Пречистен текст)

## ДЕФИНИЦИИ И ТЕРМИНИ

Во овој Статут следните термини ќе го имаат следното значење:

**"Научно истражувачка дејност"** ги опфаќа фундаменталните и применетите истражувања чии резултати содржат изворност/оригиналност а се насочени кон проширување и унапредување на дејноста и на вкупните знаења.

**"Апликативни (применливи) истражувања"** означуваат трансфер на знаења за подобрување на постојните и воведување нови технологии, како и примена на тие знаења во изнаоѓање практични решенија за развојот на научно-истражувачката и високообразовна дејност.

**"Приватна научна установа"** е установа основана од домашно правно или физичко лице.

**"Институт за комуникациски студии"** означува приватна непрофитна установа основана од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста за остварување на научно-истражувачка и високообразовна дејност.

**"Основач"** значи Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје.

**"Висока школа"** значи приватна непрофитна високообразовна установа "Висока школа за новинарство и за односи со јавноста".

"**Самостојна приватна високообразовна установа**" е установа основана од домашно или странско правно или физичко лице која врши образовна дејност од прв циклус во времетраење од најмалку три години и образование од втор циклус специјалстички студии во времетраење од најмалку една година и која спроведува развојни и применети истражувања.

**"Истражувач"** е физичко лице кое врши научно истражувачка дејност и научни истражувања во субјектите на научно истражувачка дејност.

**“Студиска програма”** значи збир на релативно поврзани наставни дисциплини со кои студентот се здобива со квалификација која му дава можност да врши професионална дејност или да продолжи со студии.

**“Решение за акредитација”** значи решението издадено од Одборот на акредитација за одобрување на проектот за основање на приватна високообразовна установа “Висока школа за новинарство и односи со јавност”.

**“Заедничка диплома (Joint Degree)“** е диплома која се стекнува со завршување на студиска програма која заедно ја прифаќаат и изведуваат две или повеќе акредитирани високообразовнии и/или научни установи во земјата и странство, според условите определени со Закон.

**“Евалуација”** значи процена на квалитетот на високото образование која опфаќа процедури за проценување на квалитетот на високообразовните установи, процена на квалитетот на академскиот кадар и нивните студиски програми.

**“Научно-истражувачка инфраструктура“** се објекти, лаборатории и опитни станици, иновациони центри, сметачки центри, научна опрема, библиотечно-информациони и реферални центри, архивска и издавачка документација, како и се друго што придонесува за научни истражувања.

**“Акамдемска автономија“** значи интелектуална слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат правниот статус, називот и седиштето, официјалните обележја, автономијата, органите и нивните надлежности, начинот на вршење на високообразовната дејност, евалуацијата, целите и задачите, финансиско-административните работи, наставно-научните звања, соработниците, финансирањето и имотот, издавачката дејност и други прашања во врска со работата и дејноста на Институтот.

### Член 2

**Институтот за комуникациски студии** е приватна непрофитна научна установа која врши научно-истражувачка дејност, како и високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус од областа на комуникациските науки за подрачја за кои е акредитиран.
**Основач** на Институтот за комуникациски студии е Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје (со седиште на ул. Јуриј Гагарин бр. 17/1-1).

**Член 3**

Институтот е непрофитна установа и има својство на правно лице и во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка со права и обврски во согласност со овој Статут и позитивните законски прописи на Република Македонија кои го уредуваат вршењето на научно истражувачката и високообразовната дејност.

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ

**Член 4**

Целосниот назив на Институтот гласи:

**"Институт за комуникациски студии"**

**Член 5**

Институтот во меѓународната комуникација го користи следниот назив на англиски јазик:

**"Institute of Communication Studies"**

**Член 6**

Седиштето на Институтот се наоѓа на следната адреса:

**ул. Јуриј Гагарин бр.17 зграда 1 влез 001, Скопје, Република Македонија.**

## ОФИЦИЈАЛНИ ОБЕЛЕЖЈА

**Член 7**

Институтот има печат, штембил и лого.
Печатот на Институтот има тркалезна форма кој во средината го содржи државниот грб на Република Македонија а околу грбот е впишан целосниот назив на Институтот на македонски јазик.
Штембилот има правоаголна форма на кој е впишан целосниот назив на Институтот на македонски јазик со рубрика за деловоден број и датум.

Логото на Институтот претставува буквите ИКС кои го означуваат целосниот назив на Институтот за комуникациски студии (ИКС). Бојата на логото е зелена.

## ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 8**

Институтот врши:

- Научно-истражувачка дејност од областа на комуникациските науки и други сродни науки;
- Фундаментални, развојни и применети истражувања согласно утврдените цели на Институтот;
- Остварување на соработка со сродни домашни и меѓународни научни и високообразовни установи;
- Високообразовна дејност од втор и трет циклус на студии за областите за кои е акредитиран;
- Поттикнување и развој на културата;
- Размена на научни и стручни услуги и знаење со домашни и странски физички и правни лица;
- Организирање на научни собири, симпозиуми, советувања и други видови на собири;
- Издавачка дејност на научна и стручна литература;
- Образование за возрасни.

Основна дејност на Институтот е научно-истражувачката дејност.

Дејноста од став 1 на овој член, Институтот ја врши врз основа на годишна програма за работа.

Научниот совет на Институтот со посебни акти ја организира научно-истражувачката и високообразовната дејност во Институтот.

**Член 9**

Институтот врши и високообразовна дејност преку спроведување на студии од втор и трет циклус на студии од областа на комуникациските науки и други сродни науки.

## АВТОНОМИЈА

**Член 10**

Институтот врши научна и високообразовна дејност во согласност со принципот на академска автономија која вклучува академска слобода, слобода и автономност на истражувањата и творештвото, автономија на управување и неприкосновеност на автономијата на Институтот.

**Член 11**

Автономијата на Институтот ја гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.
Институтот има право на заштита на автономијата пред надлежните судови во Република Македонија.

Институтот ги остварува содржините и заштитата на автономијата согласно со позитивните законски прописи и овој Статут.

**Член 12**

Академската слобода на Институтот опфаќа:

- самостојно уредување на внатрешната организација и работењето,
- слобода во спроведувањето на научните истражувања, изведување на наставата, творештвото и применувачката дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и други достигнувања,
- подготвување, усвојување и остварување на научно-истражувачки програми и применувачка работа;
- унапредување на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења, истражувањето, обуката и апликацијата;
- унапредување на користењето на резултатите од истражувањата;
- слобода на избор на студиските програми и содржината на одделните предмети, како и подготвување на учебници и други учебни помагала;
- слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
- утврдување услови и критериуми за студии од втор циклус, како и други видови на образование;
- доделување стручни, академски и научни звања согласно закон, како и доделување на почесни академски титули;
- определување услови, критериуми и постапка за избор во научни и соработнички звања и;
- избор во научни и соработнички звања.

**Член 13**

Автономијата на управувањето на Институтот опфаќа:

- планирање, остварување и развој на научната и високообразовната дејност;
- воспоставување и уредување на внатрешната организација;
- донесување Статут со кој се уредува статусот и начинот на работа;
- избор, именување и отповикување на органите согласно Статутот;
- одлучување за формите на соработка со други организации;
- располагање со одобрените финансиски средства и сопствени приходи
- зачленување и приклучување во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
- остварување на меѓународна соработка, склучување договори и учество во меѓународни организации и асоцијации;
- одлучување за други права утврдени со овој Статут.

**Член 14**

Автономијата на Институтот е неприкосновена.

Просторот на Институтот кој го опфаќа земјиштето, просторот во кој се сместени органите, просторот во кој се остварува високообразовната дејноста, придружните објекти, просторот наменет за научни, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и вработените во Институтот е неповредлив.
Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат, без согласност на директорот на Институтот или на лице овластено од него, да влегуваат во овој простор, освен во случај на спречување на извршување на кривично дело или случај на природни и други незгоди (пожар, поплава и сл.).

## ОРГАНИ НА ИНСТИТУТОТ

### Член 15

Органи на Институтот за комуникациски студии се:

- Орган на основачот,
- Совет за наставно-научна дејност,
- Директор

## Орган на основачот

### Член 16

Органот на основачот е орган на управување на Институтот.
Надлежностите и бројот на членови на органот на основачот поблиску се уредуваат со посебен Правилник.

## Наставно-научен совет

### Член 17

Стручен орган на Институтот е Наставно-научниот совет.
Наставно-научниот совет го сочинуваат вработените и ангажираните лица во Институтот кои се стекнале со наставно-научни и научни звања или – соработнички звања.
Членовите на Советот избираат Претседавач од редот на своите членови кои се стекнале со наставно-научно, научно или соработничко звање.

### Член 18

Наставно-научниот совет ги има следните надлежности:

- донесува годишна програма за работа;
- донесува статут;
- донесува одлука за основање на студии од втор и трет циклус;
- утврдува еден или повеќе кандидати за директор;
- донесува финансов план;
- усвојува програма за научно-истражувачка работа;
- донесува годишна сметка;
- избира и разрешува директор;

- предлага студиски и предметни програми;
- предлага број на студенти кои се запишуваат на студиите од втор и трет циклус;
- донесува правилници потребни за работата на Институтот;
- го организира остварувањето на наставно-образовниот процес и се грижи за остварување на наставните и научноистржувачките планови и програми;
- донесува акти за обезбедување и внатрешна контрола на квалитетот на научната и наставно-научната дејност и го следи нивното спроведување;
- врши избор и преизбор во научни и соработнички звања;
- одлучува за работите кои се однесуваат за оспособувањето и усовршувањето на научно-истражувачките кадри;
- презема мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката работа;
- се грижи за организацијата и извршувањето на апликативната дејност на Институтот, како и за издавање стручни и други списанија и за издавање учебници, скрипти и учебни помагала;
- формира комисија за самоевалуација на Институтот, ги избира нејзините членови и усвојува упатство за самоевалуација;
- формира рецензиони комисии
- одлучува за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност во рамките на единствениот библиотечно-информациски и документационен систем на Институтот;
- одлучува за организирање меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
- одлучува за работите во врска со меѓународната научна соработка и проекти;
- одлучува за работите во врска со меѓународната високообразовна соработка;
- донесува одлука за формирање организациони единици на Институтот;
- усвојува годишен извештај за работа;
- формира постојани и повремени работни тела, за разгледување на прашања од неговата надлежност, како и пошироко;
- Врши други работи кои се во функција на остварување на дејноста.

**Член 19**

Наставно-научниот совет полноважно одлучува, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови, освен во случаите определени во овој Статут. Право на глас имаат само лицата кои имаат засновано работен однос со Институтот. Во работата на Наставно-научниот совет можат да учествуваат и лицата кои немаат засновано работен однос со Институтот, но без право на глас.

**Член 20**

Наставно-научниот совет врши избор во научни и соработнички звања, само доколку на седницата се присутни две третини од членовите на Наставно-научниот совет, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 21**

За донесувањето на Статутот, изборот и разрешувањето на директор, за донесувањето на студиски и предметни програми и за избор на соработници и истражувачи, Советот може полноважно да одлучува доколку се присутни сите членови на истиот, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласале две третини од вкупниот број членови на Советот.

Доколку некој од членовите на Наставно-научниот совет од објективни причини е спречен да присуствува на седница за одлучување за горенаведените причини или одбива да присуствува на истата седница, преостанатите членови на Советот може да одлучуваат полноважно доколку сите преостанати членови се согласат за истото.

**Член 22**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со овој Статут, за кои е предвидено тајно гласање. Советот, за одредени прашања за кои се одлучува јавно, може да одлучи да се гласа тајно.

**Член 23**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи директорот на Институтот, без право на глас. Во отсуство на директорот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи член на Советот со претходна согласност на Директорот.

## Директор

**Член 24**

Директорот е раководен орган на Институтот.

Директорот го застапува и претставува Институтот во земјата и во странство.

Вршењето на должноста директор е неспојливо со вршење на државна функција или функција во политичка партија.

**Член 25**

Во рамките на вршењето на својата раководна функција, директорот ги има следните овластувања и надлежности:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Советот;
- ја предлага програмата за работа и развој и презема мерки за нејзино спроведување;
- ги свикува седниците на Советот, го предлага дневниот ред и раководи со нив;
- ги извршува одлуките на Советот;

- Ја предлага организацијата на установата;
- ги назначува и ги разрешува раководните лица во установата;
- одлучува за распоредувањето на вработените на определени работи и задачи;
- распишува конкурс за избор на лица во научни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- одлучува како работодавач, согласно со одлуките на Советот;
- донесува одлуки за престанување и за засновање работен однос;
- ги потпишува јавните исправи што ги издава Институтот;
- издава решенија во управна постапка, донесува решенија од областа на работните односи, како и сите други решенија;
- издава наредби, упатства и други налози за редовно извршување на работите;
- ја координира работата на организационите единици на Институтот, комисиите формирани од Советот;
- формира комисии за проучување на одредени стручни и други прашања;
- ги потпишува финасиските документи;
- издава налози за службени патувања и одобрува отсуства од работа до 5 дена;
- иницира соработка со сродни установи во земјата и во странство;
- одлучува за имотот и средствата за инвестиции и опрема на Институтот;
- врши и други задачи согласно законот, овој Статут и општите акти на Институтот.

**Член 26**

Директорот е самостоен во работата што му е доверена и за својата работа е одговорен пред Советот на Институтот.
Директорот е одговорен за законито и статутарно работење на органите на Институтот.
Директорот има право и должност да го запре извршувањето на општ акт и одлука на органите на Институтот, за кои смета дека се спротивни на законот, на овој Статут и на другите општи акти на Институтот.

**Член 27**

Водењето на работите во одделните процеси на работа на Институтот, како и организирањето и усогласувањето на процесот на работата и извршувањето на одлуките на органите на Институтот, директорот го врши и преку заменикот директор на Институтот.
Во случај на отсуство или спреченост на извршување на неговата функција, директорот може да именува заменик директор, согласно овој Статут и општите акти на Институтот.

**Член 28**

Директор се избира од редот на членовите на Советот за наставно-научна дејност кои имаат засновано работен однос со Институтот.
Директорот се избира врз основа на предлог на комисија што ја формира Советот.

Мандатот на директорот е 4 години, со право на уште еден избор.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Член 29

Во спроведувањето на научно-истражувачката и високообразовната дејност, Институтот врши:

- Обезбедување поволно опкружување и поддршка за развој на академските и применетите истражувања во областа на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста кои се поврзани со процесот на наставата и учењето (создавање и ширење на знаењето);
- Заемна поврзаност на науката и образованието,
- Развивање и поттикнување на придонесот на Институтот и на Високата школа во развивањето на професионалните стандарди во областа на новинарството, односите со јавноста и корпоративното комуницирање
- Унапредување на домашната и меѓународната соработка во трансферот на знаења, истражувањето, обуката и апликацијата,
- Промовирање и развивање на релевантни фундаментални и применети истражувања чија цел е да се унапреди теоретското знаење и истражувачката пракса во сферата на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста.
- Примена на европските стандарди за ангажирање на соработници и истражувачи,
- Развој на иновативни идеи и правци во истражувањата што се поврзани со потребите на индустријата, јавниот и цивилниот сектор во областа на комуницирањето;
- Слобода и автономност на истражувањата и творештвото,
- Да се поттикнува развојот на младите кадри во истражувачката дејност преку вклучување на студентите и на други млади истражувачи во оваа област;
- Поттикнување на соработка помеѓу високообразовните и научни установи со цел создавање на подлога за иновативна и креативна економија,
- Размена на искуства и вмрежување на научните и високообразовни установи со домашни и меѓународни бизнис центри со цел создавање на современи научно-истражувачки кадри.
- Оспособување на истражувачите, соработниците и студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, како и во деловниот свет.
- Усогласување на научната и образовната дејност со европските високообразовни и истражувачки стандарди.
- Циркулација и размена на научен и наставен кадар, истражувачи и студенти.

**Член 30**

Институтот врши академски и применети истражувања во две главни области: (1) **Новинарството и медиумите** и (2) **Односите со јавноста, корпоративното комуницирање и интегрираните маркетинг комуникации**.
Истражувањата се финансираат со поддршка од компаниите од приватниот сектор, од фондации и од други извори кои финансираат истражувачки проекти во овие области.

**Член 31**

Истражувањата кои се спроведуваат во рамките на Институтот, се од интердисциплинарен карактер, при што во истражувањата ќе бидат вклучувани експерти од различни области, како што се: социлогијата, комуникациските науки, психологијата, маркетингот и други дисциплини.
Резултатите од истражувањата и теоретските текстови од обласата на комуникациите, медиумите и односите со јавноста ќе се објавуваат во истражувачки монографии, научни списанија и други печатени или онлајн публикации.

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Член 32**

Институтот организира студии во втор циклус во студиските програми – **Менаџирање на стратегиски комуникации** и **Менаџирање на медиуми и мултимедија**. Институтот може да воведе дополнителни студиски програми, доколку така одлучи Советот за наставно-научна дејност.

### Јазици на кои се изведува наставата

**Член 33**

Наставата на Институтот се изведува на македонски и англиски јазик.
По претходна одлука на Наставно-научниот совет, наставата може да се изведува и на некој друг од светските јазици, доколку постои оправданост за тоа.
Наставата на Институтот може да се изведува на еден од светските јазици, за одделни студиски програми за странски јазици или за дел од студиска програма, за делови на студиски програми во кој учествуваат наставници - гости од странство и за студиски програми за кои наставата се изведува на македонски јазик или на јазикот на заедницата различен од македонскиот јазик.

**Член 34**

Студиите во втор и трет циклус се реализираат врз основа на студиските и предметните програми изработени во согласност со ЕКТС.

Институтот ги реализира студиските програми во согласност со наставна програма за секоја студиска година која го уредува називот на предметот, неделниот и вкупниот фонд на часови, бројот на кредити и обврските (оптовареноста) на студентите.

Вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1.500 до 1.800 часа на годишно ниво.

**Член 35**

Студиските програми кои се спроведуваат во рамките на Институтот содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Соодносот помеѓу задолжителните и изборните предмети се утврдува во согласност со Законот за високо образование.

Институтот, дел од задолжителните и изборните предмети од секоја студиска програма, ги изведува преку клиничка настава.

Начинот и условите на вршење на клиничката настава поблиску се уредуваат со Правилник.

**Член 36**

Институтот ги реализира студиите од втор циклус во согласност со програмата во која се дефинирани целите, предусловите, содржината, наставните методи и методите за оценување за поединечните предмети.

**Член 37**

Институтот може да организира и други студии во втор и трет циклус врз основа на нови студиски програми кои ќе ги усвои согласно законските прописи кои го регулираат вршењето на високообразовната дејност во Република Македонија.

**Член 38**

Институтот ги објавува студиските и предметните програми и општите услови за запишување и студирање на својата официјална веб страница. Институтот може да ги објави студиските и предметните програми и општите услови за запишување и студирање во електронските и печатените медиуми и во другите јавни гласила во Република Македонија пред објавувањето на конкурсот за упис на студенти.

**Услови за запишување**

**Член 39**

На студии од втор циклус може да се запише лице кое има завршено високо образование и ги исполнува критериумите и условите пропишани со објавениот конкурс за упис на студенти.

**Член 40**

Запишувањето на студенти на студии од втор циклус во Институтот се врши врз основа на претходно објавен конкурс со кој се определуваат: бројот на студенти кои се запишуваат во одделните студиски програми, условите и критериумите за избор на кандидатите, постапката за спроведување на конкурсот, и други прашања значајни за запишување на студенти.

**Член 41**

Институтот организира едногодишни и двегодишни студии од втор циклус.

Студиите од втор циклус на Институтот се организираат во времетраење од најмалку една година, односно два семестри.

Студентите запишани на двегодишни студии од втор циклус се должни да ги завршат студиите во рок не подолг од четири години од годината во која за првпат се запишале.

Студентите запишани на едногодишни студии од втор циклус се должни да ги завршат студиите во рок не подолг од една година од годината во која за првпат се запишале.

Студентите имаат право да побараат правата и обврските од студентскиот статус да им мируваат во период не подолг од една година од годината во која побарале мирување.

**Почеток и завршување на студиската година**

**Член 42**

Академската година започнува на 15 септември во тековната година, а завршува на 14 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

**Член 43**

Обемот, организацијата и временскиот распоред на студиите ги определува Советот.

**Проверка на знаењето на студентите**

**Член 44**

Проверката на знаењата на студентите се врши континуирано во текот на учебната година и се изразува во поени.

За исполнувањето на обврски за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добе позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Проверката на знаењата на студентите се врши на начин и со методи одобрени и усвоени од страна на Советот.

**Член 45**

Студии од втор циклус на Институтот се организираат како магистерски студии во акредитираните студиски програми на Институтот.

Студиите од втор циклус траат една до две години и со нивното завршување студентите стекнуваат од 60 до 120 ЕКТС кредити. По исклучок, студиите можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Институтот може да организира студии од втор и трет циклус, во соработка со други високообразовни институции, универзитети и научни институти како заеднички студии.

## Вреднување на студиските програми со ЕКТС

**Член 46**

Во согласност со ЕКТС, студентите можат да се стекнат со најмногу 60 кредити за секоја учебна година.
Со завршувањето на едногодишните студии од втор циклус, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити.
Со завршувањето на двегодишните студии од втор циклус, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити.
Со завршувањето на трет циклус студии, студентите се стекнуваат со 180 кредити во согласност со начинот на организирање на студиите од овој циклус.

**Член 47**

Секој студент со завршувањето на втор циклус студии на Институтот, се стекнува со академскиот степен "**магистер на науки**" **(скратено: м-р)** од одбраната област.
Со завршувањето на трет циклус студии, студентот се стекнува со научниот степен "**доктор на науки**" **(скратено: д-р)** од одредената област.

## Диплома и додаток на диплома

**Член 48**

Секој студент добива диплома и додаток на диплома во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, како и Правилникот за издавање на диплома на Институтот.
На студентот кој ќе ги заврши сите обврски по акредитираната студиска програма на Институтот, врз основа на евиденцијата што се води за него, му се издава диплома и се стекнува со соодветен научен назив.

**Член 49**

Институтот во соработка со други акредитирани домашни и странски високообразовни установи може да организира заеднички студиски програми и доколку студентот ги исполнува условите за успешно завршување на студиите ќе му биде издадена заедничка диплома.
Институтот начинот и условите за организирање на заеднички студиски програми со други акредитирани домашни и странски високообразовни установи поблиску ги уредува со Правилник.

**Член 50**

Институтот организира и изучување на студиски програми на принципот на учење од далечина. Условите под кои ќе се организира учењето од далечина поблику се уредува со Правилник.

### Самоевалуација

**Член 51**

Институтот врши самоевалуација со цел за процена на квалитетот на образованието, академскиот кадар и студиските програми кои истиот ги спроведува.
Самоевалуацијата се спроведува преку институционална евалуација, евалуација на студиските и предметните програми и евалуација на наставата и учењето во рамките на Институтот.

**Член 52**

Самоевалуација спроведува четиричлена Комисија за самоевалуација составена од лица кои имаат засновано работен однос со Институтот.
Членовите на комисијата се избираат на тајно гласање од страна на Советот со мандат од 4 години. Комисијата за самоевалуација ја врши самоевалуацијата во согласност со акт кој го уредува начинот и постапката за самоевалуација донесен од страна на Советот.
Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години. Во постапката за самоевалуација се зема во предвид и оценката од страна на студентите.

**Член 53**

Комисијата за самоевалуација на Институтот ги оценува:

- степенот на учество на истражувачите и соработниците во реализацијата на научната и високообразовна дејност;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и слично);
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во остварувањето на научно-истражувачката и високообразовна дејност;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на Институтот според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење научно-истражувачка и високообразовна дејност.

**Член 54**

Комисијата за самоевалуација на Институтот врз основа на своите истражувања, анализи и наоди подготвува извештај, а резултатите од извештајот се објавуваат на веб страната на Институтот.

## НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

**Член 55**

На Институтот се врши избор во научни и соработнички звања.

Научни и соработнички звања во Институтот се **научен соработник, виш научен соработник и научен советник**.
Изборот и напредувањето во научните звања се врши согласно критериумите утврдени со Закон и Правилникот за критериумите, условите и постапката за избор во научни и соработнички звања.

**Член 56**

**Научен соработник** може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, објавени научни трудови, односно постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати.
**Виш научен соработник** може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори, учество во научно-истражувачки проекти и има значајни постигнувања во примена на научно-истражувачки резултати и придонес во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.
**Научен советник** може да биде лице кое има научен степен доктор на науки од подрачјето за кое се избира, повеќе рецензирани научни трудови објавени самостојно или во соработка со други автори кои имаат значајно влијание во развојот на науката и практиката, да бил главен истражувач или има значаен придонес во реализирањето на програмите и проектите и во оспособувањето на научно-истражувачки кадри.

**Член 57**

Изборот на кандидатите во научни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс што го објавува Институтот, најдоцна шест месеци пред датумот определен за избор.
Конкурсот се распишува за сите научни звања.

**Член 58**

Изборот на кандидатите во научни и соработнички звања го врши Наставно-научниот совет на Институтот врз основа на оцена на рецензиона комисија која тој ја формира по завршување на рокот за пријавување на кандидатите.
Членовите на рецензионата комисија се одбираат од редот на лица со стекнати научни или соработнички звања во Институтот, или од друга високообразовна, односно научна установа.
Рецензионата комисија се состои од најмалку три члена од кои повеќе од половината се лица со наставно-научни звања од истото научно подрачје во научната област во која се избира кандидатот, а другите членови се од соодветна научна област.
Врз принципот на реципроцитет, член на рецензиона комисија може да биде и лице со научно звање од акредитирана високообразовна, односно научна установа во странство со која субјектот на научно-истражувачката дејност има склучено спогодба за меѓусебна соработка.
Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето во кое се избира кандидатот.

За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува писмен извештај во рок определен со актот за нејзиното формирање.
Извештајот на рецензионата комисија задолжително се објавува во соодветен билтен најдоцна 15 дена пред денот на изборот.

**Член 59**

Научен соработник, виш научен соработник и научен советник се избираат за време од пет години.
Со изборот во научно звање избраното лице заснова работен однос на определено време со Институтот за периодот на време во кое е избрано.
Правата и обврските од работниот однос на лицата избрани во научни звања се регулираат со склучување на Договор за вработување во согласност со позитивните законски прописи кои ги регулираат работните односи во Република Македонија.
На лицата избрани во научни звања работниот однос им престанува во согласност со условите определени во склучениот Договор за вработување и позитивните законски прописи кои ги регулираат работните односи во Република Македонија.

**Член 60**

За потребите на научно-истражувачката дејност и наставно-образовниот процес на Институтот можат да се ангажираат соработници-истражувачи од редот на студенти запишани на втор циклус на студии на соодветната научна област.
Критериумите за изборот, како и самиот избор на соработниците ги утврдува и врши Советот.
Соработниците-истражувачи учествуваат во научно-истражувачката дејност и наставно-образовниот процес во обем определен со студиската програма.

**Еквиваленција на звања**

**Член 61**

Научните и соработничките звања утврдени во Законот за научно-истражувачка дејност одговараат на следните звања утврдени согласно Законот за високо образование: научен советник – **редовен професор; виш научен соработник – вонреден професор; научен соработник – доцент и соработник во научно-истражувачката дејност – соработник во високото образование**.
Еквивалентите на звањата утврдени со став 1 од овој член можат да се користат како наставно-научни и соработнички звања во рамките на вршењето на високообразовната дејност на студии од втор циклус, во областа за која е акредитиран Институтот за комуникациски студии.

**Член 62**

Најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во научно звање, директорот распишува конкурс за избор во сите научни звања за кои истекло времето на кое бил извршен изборот.

Времето за распишување на конкурсот од став 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеца, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.

**Член 63**

Лице избрано во научно звање во Институтот може да врши високообразовна дејност во звањето за областа за кое е избрано и на друга високообразовна или научна установа врз основа на претходно одобрение од страна на Директорот на Институтот.

Доколку лицата од став 1 од овој член пристапат кон извршување на високобразовна дејност во друга високообразовна или научна установа без одобрение од Директорот на Институтот тоа претставува основ за престанок на работниот однос.

**Член 64**

Избор во повисоко научно звање може да се врши пред истекот на периодот за кој е извршен изборот, доколку лицето со научно звање ги исполнило условите за избор во повисоко звање и со својата научна работа особено придонело за развојот, односно примената на научната дејност за која е избрано, по истекот на најмалку половина од времето за кое е извршен изборот во постојното звање.

Иницијатива за избор во повисоко звање пред истекот на рокот, може да почне Советот или Директорот.

Постапката за предвремен избор во повисоко звање се спроведува согласно со постапката за избор во научно звање предвидена во овој Статут.

**Член 65**

За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор степен, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

**Член 66**

Наставно-научниот совет на Институтот може да поканува лица избрани во наставни звања од други високообразовни установи во земјата и во странство, експерти во определена област, лица кои дале особен придонес за одредени прашања поврзани со дејноста на Институтот да вршат високообразовна и научна дејност на Институтот.

**Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници**

**Член 67**

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници и други лица кои не ги исполнуваат критериумите за избор во звања во високообразовна или научна

установа можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет на Институтот, по покана на Наставно-научниот совет.

**Визитинг професори**

**Член 68**

По покана од органот на управување на високообразовната установа, професори од акредитирани високообразовни установи, пензионирани професори од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа на Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка дејност за определено време.

**Насловни звања**

**Член 69**

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници на високообразовна установа, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно, односно наставничко звање можат да се избираат во звањето насловен доцент и насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени во Законот за високо образование и внатрешните акти на Институтот.

**Професор емеритус**

**Член 70**

Институтот за комуникациски студии може, на предлог на наставно-научниот совет да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран. Вкупниот број на професор емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на Институтот.

## ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 71**

Институтот се финансира од следните извори:

- научно-истражувачки проекти;
- истражувачки грантови од надворешни соработници и организации;
- школарина и други трошоци од студентите;
- средства за издавачка дејност;
- донации од физички и правни лица од земјава и странство;
- средства од интелектуалната сопственост на Институтот;

- изнајмување на просторите на Институтот за конференции, семинари, состаноци и слични настани;
- договори за академски и неакадемски услуги;
- вршење на научно-истражувачки и образовни услуги на правни и на физички лица;
- други извори на финансирање кои се дозволени според позитивните прописи на Република Македонија.

**Член 72**

Институтот самостојно управува и располага со имотот и ги користи стварите, паричните средства и другите материјални права заради вршење на високообразовната дејност, под услови определени со Закон, овој Статут и актите на органите.

**Член 73**

Ако Институтот престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските се имот на основачот.
За имотот, средствата и приходите што остануваат по намирувањето на обврските кои ги стекнал Институтот одлучува Советот, под услови утврдени со Закон и со овој Статут.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 74**

Издавачката дејност на Институтот се остварува врз единствените основи за издавачка дејност утврдени со посебен правилник на Институтот.
Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, академски списанија, истражувања, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила и друга прирачна литература, кои ќе се продаваат во библиотеката на Институтот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 75**

Општите акти на Институтот стапуваат во сила на денот на нивното донесување и задолжително се објавуваат на веб страницата на Институтот.

**Член 76**

Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување и одобрување од страна на Наставно-научниот совет на Институтот.

За Основачот — За Институтот

Жанета Трајкоска, директор, с.р. — Снежана Трпевска, директор, с.р.